ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 15-153/11**

**Дата:** 01.09.2011

**ДО**
**ОСНОВЕН СУД БИТОЛА**
**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Основен суд Битола на сметката за основниот буџет за 2010 година, заедно со ревизија на усогласеност.

Извршена е ревизија на финансиските извештаи на Основен суд Битола за 2006 година и изразено е мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и законското и наменското трошење на средствата.
Со ревизијата на преземените мерки по дадените препораки се констатира дека Основен суд Битола делумно презел мерки за дадените препораки.

За финансиските извештаи на Основен суд Битола за 2010 година изразивме негативно мислење за вистинитоста и објективноста на билансот на состојба, а позитивно мислење за билансот на приходи и расходи и усогласеноста со законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2010 година, заедно со ревизија на усогласеност, констатирано е дека Основен суд Битола нема воспоставено интерни контроли кои ќе спречат ризик од погрешни плаќања по основ на надомест за адвокати, судски поротници, вештаци, судски преведувачи, дежурства и плаќања по извршни решенија, нецелосно извршен попис на обврските и залихите и невоспоставена благовремена и ажурна сметководствена евиденција на трошењето на залихата на материјали и масло за греење.

Утврдени се системски слабости во делот на:
- непостоење на законска регулатива која го дефинира надоместот што треба да им се додели на судските преведувачи и вештаци за извршената работа;
- необезбедувањето на потребни средства за финансирање на судската власт што влијае на условите за извршување на надлежностите на Судот и доведува

до состојба раководителот на субјектот да презема обврски надвор од одобрените средства со финансискиот план;

- отсуство на конкретно законско решение за утврдување на платите на вработените во Судот кои вршат технички и помошни работи и
- неусогласеност на Општиот колективен за јавниот сектор на Република Македонија со Законот за работни односи, со што е оневозможено и усогласување на гранските колективни договори и колективните договори на ниво на работодавач, вклучувајќи го и Колективниот договор за државните, правосудните и органите на локалната самоуправа на Република Македонија.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните од 15 до 16 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основниот буџет (603) на Основен суд Битола, која се состои од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за 2010 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансискиот извештај.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2006 година на Основен суд Битола и е изразено мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и законското и наменското трошење на средствата.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, е одговорност на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај застапувано од:

- Јордан Врбовски, Претседател на Основен суд Битола од 11.02.2008 година и
- Оливера Манели Бандевска, судски администратор во Основен суд Битола од 16.11.2007 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и трошоците на Основен суд Битола се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

**2. Цел и делокруг на ревизијата**

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали е резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи е изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансискиот извештај со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.1. на

овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена од ревизорски тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 11/04/2011 до 03/06/2011 година.

## 3. Осврт на ревизијата за 2006 година - спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на ОДР за 2006 година. Со ревизијата на преземените мерки по дадените препораки се констатира дека Основен суд Битола делумно презел мерки за дадените препораки (Преглед II).

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Основен суд Битола– предмет на ревизија, одржан на ден 12 мај 2011 година.

### 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. При оценка на системот на интерните контроли кај процесот на плаќање, ревизијата констатира дека не се воспоставени интерни контроли кои ќе обезбедат доволно ниво на сигурност и ќе спречат ризик од погрешни плаќања по основ на надомест за адвокати, судски поротници, вештаци, судски преведувачи, дежурства и плаќања по извршни решенија. Причината за овие ризици произлегува од отсуството на пишани процедури со јасно дефинирани и разграничени контролни постапки, со дефинирани надлежности и одговорности на вработените во судот, што не е во согласност со одредбите од член 7 и член 16 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.

Поради невоспоставените интерни контроли ревизијата ги утврди следните пропусти во работењето:

- Повеќе од законски дозволеното, се исплатени средства на име надомест за дежурства на судии, возачи и дактилографи и надомест на судии поротници. Причина за ова е што исплатата на овие надоместоци во 2010 година била утврдена како процентуален износ од висината на дневницата за патување во земјата, регулирана со Законот за извршување на буџетот на Република Македонија за 2010 година. Во судот, овие надоместоци се пресметани и исплатени на дневница од 800 денари, наместо 500 денари;

- Основ за исплата на надоместокот за адвокати е документ „Наредба„ во кој судиите ги наведуваат : бројот на предметот, име на адвокатот и обвинетиот и износ кој треба да се исплати. По извршениот увид во поголем дел од документацијата кон наредбата за исплата недостасува решение, одлука, пресуда или друг документ од кој ќе може да се утврди дали правилно е пресметан надоместокот;
- Со ревизијата се утврди дека постои можност од технички грешки во решенијата каде е утврден надоместокот за адвокатот, што предизвикува и погрешно сметководствено евидентирање;
- Обврската за плаќање кон адвокати и обвинети сметководствено е евидентирана врз основа на документот „Наредба„ изготвен од судијата. Постојат случаи овие обврски двојно да се евидентираат, по основ на доставеното извршно решение, а на име на извршителите. Кога се плаќаат извршните решенија, обврските спрема адвокатите и обвинетите не се раздолжуваат (поништување на обврската). Со ревизијата се утврди дека по овој основ во 2011 година се пренесени 76 илјади денари повеќе обврски спрема адвокати и обвинети. Причина за ова е невоспоставената пракса извршните решенија со пропратната документација да се доставуваат до Одделение за финансиско работење, за нивна споредба со документот „Наредба„ .
- Невоспоставената внатрешна контрола овозможува наплата на побарувањата повеќе пати од страна на адвокатите преку различни извршители.

Отсуството од интерни контроли претставува ризик од можни грешки и ненаменско трошење на буџетски средства.

Во текот на ревизијата направена е корекција на повеќе исплатените средства по основ на надомест за дежурства и надомест за поротници поради што ревизијата се воздржува од давање препорака.

**Препорака**

Одговорното лице да воспостави систем на внатрешна контрола дефинирана со пишани процедури, со јасно утврдени и разграничени контролни постапки, надлежности и одговорности на вработените во Судот и да осигури негова примена.

4.1.2. Со извршениот увид во Правилникот за систематизација на работни места во Основен суд Битола Су.бр.1610-384/08 - I,II од 31.03.2010 година и спроведената анализа на неговата усогласеност со Законот за судска служба, Правилникот за утврдување на критериуми за определување на бројот на самостојните судски советници, судските советници, стручните соработници, приправници и други работници во судовите и Одлуката за утврдување на бројот на лицата за вршење на работите на судската полиција констатирани се следните состојби:

| | Број на планирани и пополнети (дозволени) работни места | | |
|---|---|---|---|
| Звање | Правилник за систематизација на работни места | Пополнети работни места | Закон за судска служба и подзаконски акти |
| Судии | 28 | 28 | 28 |
| Раководни судски службеници | 8 | 1 | 5 |
| Стручни судски службеници | 33 | 20 | 21 |
| Административно-технички судски службеници | 99 | 91 | 48 |
| Припадник на судска полиција | 10 | 8 | 8 |
| **Вкупно** | **178** | **148** | **110** |

Согласно член 9 од Законот за судска служба, Советот на судската служба дало свое мислење бр. 24/2010-1 од 23.03.2010 година во однос на актот за внатрешна организација и систематизација на Основен суд Битола изјавувајќи согласност на истиот во однос на законската регулатива.

Утврдената состојба укажува на поголем број систематизирани работни места во однос на определените согласно законската и подзаконската регулатива, како и отстапувања во однос на нивната пополнетост во делот на административно – техничките судски службеници.

Од страна на одговорните лица во Основен суд Битола добиена е информација дека, бројот на пополнетите работни места кои се однесуваат на административно – техничките судски службеници иако е поголем од утврдениот со законот и подзаконските акти, сепак за непречено извршување на редовните активности на Судот, потребата од вработени е уште поголема.

**Препорака**

Раководителот на субјектот да преземе активности за усогласување на Правилникот за систематизација на работни места во Основен суд Битола со законот и подзаконските акти и воедно да ги извести надлежните органи за потребите од изменување и дополнување на наведените подзаконски акти или да преземе иницијатива за измена на истите со цел нивно прилагодување на реалните потреби од вработени.

## 4.2. Финансиски извештаи
## Биланс на состојба

4.2.1. Ревизијата утврди неправилности поврзани со спроведениот попис на средствата и изворите на средства во 2010 година и тоа :

- Пописната комисија не извршила попис и усогласување на обврските, што не е во согласност со одредбите на член 21 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и член 31-в од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и

- Извештајот за извршениот попис на средствата и изворите на средства во 2010 година не содржи податоци за залихите на материјалите и маслото за греење со кои располага Основен суд Битола на крајот на годината.

Неспроведениот попис во целост, предизвикува можност од нереално и необјективно искажување на податоците во билансот на состојба на ден 31 декември и истовремено претставува ризик од можна злоупотреба на буџетски средства.

**Препорака**

Раководителот на субјектот да преземе активности за пропишување на политики за начинот на вршење на пописот и да обезбеди целосна негова имплементација .

4.2.2. Основен суд Битола не поседува имотен лист за градежниот објект со кој располага и кој е евидентиран во билансот на состојба, чија сегашна вредност изнесува 10.045 илјади денари, поради што не е обезбеден доказ за сопственоста, површината и неговата вредност. Наведеното е спротивно на член 12 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и оневозможува потврдување на оваа билансна позиција.

**Препорака**

Раководството на субјектот да преземе мерки во обезбедување на веродостојни документи, кои се основ за сметководствено евидентирање на градежниот објект и преземање активности за регулирање на имотно правниот статус со поднесување барање до Агенцијата за катастар на недвижности на Република Македонија.

4.2.3. Во Основен суд Битола нема воспоставено благовремена и ажурна сметководствена евиденција на трошењето на залихата на материјали и масло за греење, поткрепена со соодветни документи за издавање на истите. Утврдената состојба не е во согласност со одредбите од член 6 став 2 и член 7 став 2 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Исто така Основен суд Битола нема изготвено сметководствени политики за начинот на евидентирање и искажување на залихите како и утврдување на метод врз основа на кој ќе се вреднува истата, што не е во согласност со точка 1.3, потточки 1.3.1, 1.3.33, и 1.3.34 од Правилникот за примена на Меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор на готовинска основа.

Непостоењето на сметководствени политики за залихите и ненавременото сметководствено евидентирање на издавањето на истите, не овозможува согледување на состојбата и движењето на залихите и претставува ризик за нејзиното реално и објективно искажување во финансискиот извештај – биланс на состојба.

**Препорака**

Одговорното лице да воспостави сметководствена политика за начинот на евидентирање и искажување на залихите во сметководствената евиденција и да обезбеди нивна практична примена.

4.3. **Користење на средствата согласно законски прописи**

4.3.1. При увидот во спроведувањето на постапките за јавни набавки, чија реализација е во 2010 година, ревизијата утврди дека Комисиите за јавни набавки во текот на 2010 и 2009 година спровеле постапки за доделување на договор за јавна набавка со барање за прибирање понуди без објавување на оглас и со објавување на оглас. При спроведување на овие постапки Комисиите немаат изготвено поедноставена тендерска документација, што не е во согласност со член 101 од Законот за јавни набавки.

Поедноставена тендерска документација треба да содржи податоци за техничките спецификации на предметот на договорот за јавна набавка, информации за начинот на подготовка и рокот за поднесување на понудите, како и документите кои треба да ги достави економскиот оператор, чија понуда е избрана за најповолна со цел потврдување на неговата способност.

Несоодветното постапување во доделувањето на договорите за јавна набавка предизвикува можност од ненаменско и незаконско користење на средствата и необезбедување на фер конкуренција, еднаква и недискриминаторска положба на понудувачите, транспарентност и јавност при набавките.

**Препорака**

Раководителот на субјектот да преземе мерки за пропишување на процедури за начинот на спроведување на јавните набавки и воспоставување на контроли за следење на спроведувањето на јавните набавки.

**Вкупни ефекти од наодите**

Вкупен ефект од изнесените наоди во точката 4.2. е: нецелосено извршен попис на изворите на средствата, необезбеден веродостоен документ за сметководствено евидентирање на градежниот објект и неажурна сметководствена евиденција за издавањето на материјалите на залиха, чие влијание се одрази врз издаденото мислење од страна на ревизијата.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.2. финансискиот извештај – биланс на состојба не ја прикажува вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Основен суд Битола на ден 31 декември 2010 година.

Според наше мислење, финансискиот извештај - биланс на приходи и расходи за 2010 година и резултатот од финансиските активности за годината се вистинито и објективно искажани, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи на Основен суд Битола, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Системски слабости

6.1. Постојната законска регулатива не дефинира колкав надомест треба да им се додели на судските преведувачи и вештаци за извршената работа, што остава простор од субјективизам и ризик од зголемени трошоци.
Во Службен весник на Република Македонија бр.115/2010 од 31.08.2010 година, донесен е Закон за вештачење, кој во член 29 го регулира правото на надомест и награда на вештакот за извршената работа, пропишан од Министерот за правда, по претходно мислење од Комората на вештаци. За да може да се примени овој член, Министерот за правда донесе програма за полагање на стручен испит за вештаци и ги формира првите комисии за полагање на истиот (член 44 став 1). Со стекнување на лиценца за вештачење на најмалку 20 вештаци од било која област треба да се формира Основачкото собрание на Комора на вештаци ( член 46 став 1).

6.2. Со одредбите на член 100 од Законот за судовите и одредбите на член 2 од Законот за судска служба („Службен весник на Република Македонија" број 98/08, 161/08, 6/09 и 150/10) е уредено дека судската служба ја сочинуваат судски службеници, лица вработени во судовите кои вршат технички и помошни работи и судска полиција. Членот 3 став 2 од Законот за судска служба упатува дека лицата вработени во судовите кои вршат технички и помошни работи немаат статус на судски службеници и за нив важат општите прописи за работни односи.

Одредбите на член 109 од Законот за судовите упатуваат дека висината на платите и другите надоместоци на судските службеници и другите вработени во судовите се определуваат со закон и со колективен договор.

Со одредбите на Законот за судска служба се утврдени системот на плата и надоместоци на судските службеници и судската полиција, за кои Владата на Република Македонија со посебни одлуки ги утврдува вредностите на бодот за платите[1], без притоа да се пристапи и уреди начинот на платите на лицата вработени во судовите кои вршат технички и помошни работи, освен упатувањето на членот 44 од истиот закон, дека платите на овие вработени се во рамките на платите утврдени за административно-техничките судски службеници во зависност од степенот на образованието, работното место на кое се распоредени согласно актот за систематизација и работното искуство.

Отсуството на конкретно уредување на платите на вработените во судовите кои вршат технички и помошни работи предизвикува:

- разноликост во утврдувањето на платите на оваа категорија на вработени и нивно уредување по затекната состојба од претходни периоди, при што од една единка корисник до друга за исто работно место и исто образование се исплаќа различна основна плата без минат труд (177 вработени во Судската власт односно 5 вработени во Основен суд Битола);
- нееднаква положба на вработените и
- отсуство на акт со кој ќе се уреди платата на овој вид вработени на ниво на работодавач.

За надминување на утврдената состојба Судскиот буџетски совет во соработка со надлежното министерство потребно е да преземе активности за иницирање на измени и дополнување на законските и подзаконските акти (Законот за судска служба и општиот и гранскиот колективен договор) и утврдување на критериуми за утврдување на платата на овој вид на вработени се до моментот на изменување и дополнување на претходно наведените акти и донесување на акт од страна на Владата на Република Македонија[2] за утврдување на најниската плата.

6.3. Почитувајќи ги одредбите на член 109 од Законот за судовите кој упатува дека висината на платите и другите надоместоци на судските службеници и другите вработени во судовите се определуваат со закон и со колективен договор и член 3 став 2 од Законот за судска служба кој упатува дека лицата вработени во судовите кои вршат технички и помошни работи немаат статус

[1] Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на припадниците на судската полиција за 2010 година и Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите за судските службеници за 2010 година.

[2] Согласно член 46 од Колективниот договор за државните, правосудните и органите на локалната самоуправа на република Македонија е уредено „За правните лица кај кои финансирањето се врши од средствата на Буџетот на Република Македонија, плата ќе се утврдува со посебен акт донесен од Владата на Република Македонија со еднакви критериуми за сите корисници на Буџетот во кои коефициентите не може да бидат пониски од коефициентите утврдени во член 45 од овој колетивен договор“

на судски службеници и за нив важат општите прописи за работни односи, произлегува дека за оваа категорија на вработени потребно е да се почитуваат одредбите на Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ број 62/05, ....47/11).

Со одредбите на член 205 став 2 од Законот за работните односи е уредено дека општиот колективен договор за јавниот сектор се применува непосредно и е задолжителен за работодавачите и вработените во јавниот сектор.

Со членот 47 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија“ број 130/09) е утврдена обврската општите колективни договори да се усогласат со одредбите од овој закон во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон, односно најкасно до 4 мај 2010 година, а колективните договори на ниво на гранка, односно оддел и колективните договори на ниво на работодавач се усогласуваат во рок од шест месеци од потпишувањето на општите колективни договори.

До денот на ревизијата не се преземени мерки и активности за:

- усогласување на Општиот колективен за јавниот сектор на Република Македонија, а со тоа е оневозможено и усогласување на гранските колективни договори и колективните договори на ниво на работодавач, вклучувајќи го и Колективниот договор за државните, правосудните и органите на локалната самоуправа на Република Македонија;
- утврдување на најниската плата за најнизок степен на сложеност најмалку еднаш квартално и нејзино објавување, и
- усогласување на одредбите на член 21 од Општиот колективен договор за јавниот сектор во Република Македонија, утврдување на висината на трошоците поврзани со работа и нивно усогласување на годишно ниво со анекс на колективниот договор.

Наведената состојба влијае на можноста за целосно уредување и начинот на остварување на правата и обврските на работниците и работодавачите од работен однос во јавниот сектор на Република Македонија.

6.4. Согласно Законските одредби дискреционо право на судијата е да одреди кои поротници, вештаци и преведувачи ќе бидат вклучени во судската постапка. Од извршената анализа на ангажирани во однос на вкупно регистрирани поротници, вештаци и преведувачи во Основен суд Битола утврдена е следната состојба:

| | вкупно регистрирани за подрачјето на основен суд Битола | вкупно ангажирани во 2010 | вкупно ангажирани во однос на вкупно регистрирани |
|---|---|---|---|
| судски поротници | 85 | 35 | 41,2% |
| судски вештаци | 236 | 55 | 23,3% |
| судски преведувачи | 252 | 14 | 5,6% |

Оваа состојба укажува на непостоење на законски или подзаконски акт во кои јасно ќе бидат дефинирани критериуми со кои ќе се овозможи објективен избор и можност за поголема ангажираност на регистрираните поротници, вештаци и преведувачи. Непостоење на вакви законски и подзаконски акти претставува ризик од можен субјективизам при нивниот избор.

## 7. Нагласување на прашања за неизвесност

7.1. Со одредбите на член 108 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ број 58/06, 62/06, 35/08 и 150/10) е утврдено дека средствата за работа на судовите се обезбедуваат со Судскиот буџет, како посебен дел на Буџетот на Република Македонија, означен со „Судска власт“. Постапката за изготвување, утврдување и извршување на судскиот буџет е уредена со одредбите на Законот за судскиот буџет („Службен весник на Република Македонија“ 60/03, 37/06, 103/08 и 145/10).

Во постапката на планирање, усогласување и утврдување на средствата за работа на судската власт во Република Македонија во Судскиот буџет, од страна на Судскиот буџетски совет и надлежното министерство (Министерство за финансии), не е постигнато усогласување за потребните средства.

Утврдената состојба влијае да не се обезбедат потребните средства за финансирање на судската власт.

Наведената состојба предизвикува Основниот суд Битола со состојба 31.12.2009 година да пренесе неподмирени превземени обврски (за ставките комунални услуги, греење и транспорт; материјали и ситен инвентар; поправки и тековно одржување; договорни услуги и други тековни расходи) во износ од 6.447 илјади денари, односно за 2010 година да му бидат одобрени 9.199 илјади денари (што преставува 52,78% од потребните средства), а истиот да изврши расходи во износ од 9.198 илјади денари и да преземе обврски за 2010 година над одобрениот финансиски план во износ од 8.232 илјади денари. Вкупните неподмирени обврски изнесуваат 8.234 илјади денари, односно вкупните потреби изнесувале 17.432 илјади денари, а само тековните потреби 10.985 илјади денари (графикон). Оваа состојба укажува на фактот дека Основен суд Битола за тековната 2010 година имал на располагање 4.537 илјади денари за преземените обврски или 41,30% од реално потребните средства.

Необезбедувањето на потребните средства за финансирање на судската власт влијае на: условите за извршување на надлежностите на судската власт; нарушување на едно од основното буџетско начело „сеопфатност“ при изготвување, донесување, извршување и известување за извршувањето на Буџетот на Република Македонија и доведување во состојба на раководителот на субјектот да презема обврски надвор од одобрените средства со финансискиот план, што е спротивно на член 7 став 2 од Законот за буџетите.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за судскиот буџет се предвидува делот на средствата „Судска власт“ во Буџетот на Република

Македонија, потребни за функционирање на единките корисници се утврдува во износ од најмалку 0,8% од бруто домашниот производ, со одредена динамика започнувајќи од 2012-2015 година, поради што надлежното министерство и Судскиот буџетски совет потребно е да преземат соодветни мерки и активности за обезбедување на потребните средства и обезбедување услови за функционирање на судската власт.




| | 420 | 421 | 423 | 424 | 425 | 426 | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одобрени средства со Ребаланс и извршени пренамени за 2010 година | 22 | 3.900 | 1.100 | 345 | 3.544 | 310 | 9.221 |
| Реализирани средства во 2010 година | 19 | 3.900 | 1.099 | 345 | 3.544 | 310 | 9.217 |
| Неподмирени обврски 31.12. 2010 година | - | 1.726 | 209 | 55 | 5.915 | 329 | 8.234 |

*420-патни и дневни расходи;
*421-комунални услуги, греење, комуникација и транспорт;
*423-материјали и ситен инвентар;
*424-поправки и тековно одржување;
*425-договорни услуги;
*426-други тековни расходи;

Скопје, 24/08/2011 година

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2010 година

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| **Трансфери и донации** | | |
| Трансфери од други нивоа на власт | 77.994 | 76.375 |
| **Вкупно приходи** | **77.994** | **76.375** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 66.571 | 64.526 |
| Стоки и услуги | 10.958 | 10.982 |
| Субвенции и трансфери | 465 | 744 |
| **Вкупно тековни расходи** | **77.994** | **76.375** |
| **Вкупно расходи** | **77.994** | **76.375** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ 2010 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Парични средства и побарувања** | | |
| Активни временски разграничувања | 13.824 | 11.942 |
| Залихи | 409 | 92 |
| **Вкупно парични средства и побарувања** | **14.233** | **12.034** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 14.388 | 13.592 |
| **Вкупно постојани средства** | **14.388** | **13.592** |
| **Вкупна актива** | **28.621** | **25.626** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 5.655 | 4.892 |
| Краткорочни финансиски обврски | 2.134 | 1.352 |
| Обврски спрема државата и други институции | 406 | 210 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 5.629 | 5.488 |
| **Вкупно тековни обврски** | **13.824** | **11.942** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на деловни средства | 14.797 | 13.684 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **14.797** | **13.684** |
| **Вкупна пасива** | **28.621** | **25.626** |

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2010 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2010 година** | **13.592** | **92** | **13.684** |
| **Зголемување по основ на:** | **3.855** | **1.620** | **5.475** |
| Набавки | 887 | 1.619 | **2.506** |
| Ревалоризација | 3.059 | - | **3.059** |
| Преотстапени основни средства | (99) | - | **(99)** |
| Ревалоризација на преотстапени основни средства | (2) | - | **(2)** |
| Набавен ситен инвентар | 1 | - | **1** |
| Корекции од ДЗР прифатени од субјектот | 9 | 1 | **10** |
| **Намалување по основ на:** | **3.059** | **1.303** | **4.362** |
| Издадени материјали | - | 1.302 | **1.302** |
| Амортизација | 1.244 | - | **1.244** |
| Ревалоризација | 1.916 | - | **1.916** |
| Амортизација на преотстапени основни средства | (99) | - | **(99)** |
| Ревалоризација на амортизација на преотстапени основни средства | (2) | - | **(2)** |
| Даден во употреба ситен инвентар | 1 | - | **1** |
| Корекции од ДЗР прифатени од субјектот | (1) | 1 | - |
| **Состојба 31.12.2010 година** | **14.388** | **409** | **14.797** |